РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1495/4
04-08-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава - Претставка поднесена од познат подносител, на второто продолжение на 50-та седница, одржана на 23.07.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-1495/1 од 08.04.2021 година доставена од подносителот ------------- од ---------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи на натамошна надлежност да постапува по однос на наводите во предметот со број 12-1495 од 2021 година оформен по пријава бр. 12-1495/1 од 08.04.2021 година и предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1495 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1495 од 2021 година е оформен по пријава – Претставка со бр. 12-1495/1 од 08.04.2021 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на подносителот -------------- од --------------.

Во пријавата се изнесени наводи против лицето ---------------, Раководител на одделение и лекар во ---------------------------" во -----------------, поради сомневање за коруптивно однесување и судир на интереси.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид истите и констатира дека во случајот станува збор за сомневање за коруптивно однесување и судир на интереси на лицето ------------------, Раководител на одделение и лекар во --------------------- ,,---------------------" во ---------------- односно, како што е наведено во пријавата, споменатиот лекар побарал мито за да ги изврши своите редовни обврски. Во пријавата исто така пријавителот наведува и дека веќе се обратил до Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат за што доставил доказ кон пријавата, копија од Претставка поднесена и примена од страна на Министерството за здравство - Државен санитарен здравствен инспекторат на ден 22.02.2021 година.

За да ја утврди фактичката состојба ДКСК се обрати до Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат со Барање за доставување на дополнителни информации во врска со предметот со број 12-1495/2 од 08.07.2021 година.

ДКСК доби известување од Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат во кое се наведува дека МЗ-ДСЗИ ,,нема ингеренции да постапува" во врска со наводите во споменатиот предмет.

Со оглед на погоре констатираното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган односно, за постапување на Министерството за внатрешни работи и оцени дека Државната комисија нема елементи на понатамошна надлежност да се произнесува по однос на истите, а постапката по предмет со број 12-1495 од 2021 година оформен по пријава бр. 12-1495/1 од 08.04.2021 година, да се затвори и архивира и истиот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива
Подносител

Изработил: К.З.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК